Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11. 07. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3708/2 | 1 | |

До: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
в.д. Директор, д-р Зоран Трајчевски

**ИЗВЕШТАЈ**
**од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 Јуни 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

1. Член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Не е дозволено идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ од 21 јуни 2014 година, е констатирано дека во текот на програмата за деца „Дете талент", во периодот од 10:06:09 до 10:07:02, во долниот дел од екранот на банери се појавуваат информации за правните субјекти што го поддржале производството на програмата, односно се идентификуваат спонзорите на програмата. На банерите се појавуваат заштитните знаци на: BIMILK, СКОПСКИ ПАЗАР, ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА, НОВА МАКЕДОНИЈА, ПАКО МАК, ЏОЛИ ТРАВЕЛ, B-WATCH, SANO СОКОВИ, CASA ITALIA и Agens.

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на програмата за деца „Дете талент" емитувана на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, на 21 јуни 2014 година, се идентификуваат спонзорите на програмата - BIMILK, СКОПСКИ ПАЗАР, ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА, НОВА МАКЕДОНИЈА, ПАКО МАК, ЏОЛИ ТРАВЕЛ, B-WATCH, SANO СОКОВИ, CASA ITALIA и Agens.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*11.07.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и член 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата, се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и

- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).